# * СЛУЖБЕН ГЛАСНИК *
# на општина Дебрца



| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН **ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | **БЕЛЧИШТА**<br>**20.03.2023 година.**<br><br>**Број 03. Год. 2023** | **ЕДБ:4020004141925**<br>**КОНТАКТ:**<br>**E-mail :belcista@t-home.mk, contact@debrca.gov.mk**<br>**Телефон :046/286-855** |



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на завршната сметка на Буџетот на општината Дебрца за 2022 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на завршната сметка на Буџетот на општината Дебрца за 2022 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 15.03.2023 година.

**Број 09-378/1**
**17.03.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за усвојување на завршната сметка на Буџетот на општината Дебрца за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Дебрца ја усвојува Завршната сметка на Буџетот на општината Дебрца за 2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца“.

**Број 08-348/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**15.03.2023 година** **Претседател**
**с.Белчишта** **Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на општина Дебрца во 2023 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на општина Дебрца во 2023 година,, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 15.03.2023 година.

**Број 09-378/2**
**17.03.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002 ) и член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ број 149/2014, 149/2015, и 53/2016), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на 2023 година, донесе :

**ПРОГРАМА**
**за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Дебрца во 2023 година**

## I.ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња – скитници, условите, органзацијата и обемот на извршувањето , како и начинот на финансирањето. За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република С.Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.
Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

## II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се преземат на територијата на општината, за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојба на животните.

## III.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се преземат во 2023 година за ефикасна конрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.
Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња –скитници на територијата на општина Дебрца ќе опфатат:
-заловување на животни -нивен транспорт до прифатилиште;
-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина ;
-лабараториско испитување на заразни болести, согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајки и испитување од болеста лајшманиоза;
-ветеринарно медицински третман на кучињата – стерилизација/кастрирање;
-пост оперативно сместување и нега -вакцинација и дехелментација;
-обележување со микрочип или ушна маркица;
-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата;
-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство;
-едукација, подигнување на јавната свест кај населението

## IV. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

### IV. 1. Заловување, транспорт, идентификацја и евиденција

Заловување на кучиња спроведуваат обучени лица кои поседуваат легитимација, обезбедени со соодветна униформа и средства за лична заштита. Заловувањето се врши со следната опрема: возило, јамки-мрежи за заловување, пушка (сафари) за хемиско заловување на кучиња, корпи-кафези за транспорт, окулувратници и водилки.
Транспорт се врши од место на заловување до прифатилиште. На лице место се врши теренска идентификација на посебни обрасци за евиденција и идентификација-секое заловено куче се евидентира, се заведуваат податоци за животното, како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување.

### IV.2 Престој во прифатилиште, ветеринарно-медицински третман и понатамошно постапување со третирани кучиња

Заловените кучиња се транспортираат до регистрирано прифатилиште, со одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република С. Македонија.
Кучињата се сместуваат во простории за прием, во кои се врши набљудување на кучињата од страна на доктор по ветеринарна медицина, кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и одредува кои од заловените кучиња ги исполнуваат критериумите за еутаназија.
Еутаназија се врши во согласност со важечките законски прописи и наредби, кога животното е заболено од заразна или паразитска болест, која е преносlива на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лежењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни, кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни, кога кучињата поминале мимимум временски период потребен за можност за вдомување.
Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:
Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство и кое има договор за ветеринарно-медицински третман на животните и прифатилиште.
Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат условите за операција се оперираат –стерилизираат, се третираат пост оперативно и по опоравување се враќаат назад во прифатилиште, каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица. Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенски прописи: редовно чистење на боксови, редовно вршење на дезинфекција, дезинсекција , по потреба и дератизација на целиот простор.
Извршителот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија , и собирање и транспортирање на фекалиите/отпадот од прифатилиштето.
Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против беснило и се третираат со средство против паразити.

Третираните кучиња се обележуваат со микроичип или ушна маркица и се враќаат во реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените кучиња се регистрираат во ветеринарно информативниот систем.
Приоритет се дава на вдомување на животните.

### IV.3 Едукација и подогнување на јавната свест кај населението

Подигнување на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Извршителот на програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучиња.

## V. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени во оваа програма ќе се финансираат од буџетот на општина Дебрца за 2023 година.

## VI.ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе ја реализира економски оператор-овластено ветеринарно друштво , избрано во постапка за јавна набавка на услуга- заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на општина Дебрца .

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор над извршувањето на оваа програма одделението за урбанизам и комунални работи во општина Дебрца.
Целокупната работа и активностите по програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Дебрца и на економскиот оператор за заловување и третирање на кучиња скитници е под надзор и на Агенцијата за храна и ветеринарство.
Програмата може да се менува и дополнува согласно потребите.
Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Дебрца“.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-348/4**
**15.03.2023 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Записникот од извршениот попис на побарувачката, обврските и каса за 2022 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Записникот од извршениот попис на побарувачката, обврските и каса за 2022 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 15.03.2023 година.

**Број 09-378/3**
**17.03.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/2002), Советот на општина Дебрца на седницата одржана на ден 15.03.2023 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Записникот од извршениот попис на побарувањата, обврските и каса за 2022 година**

**Член 1**

Се усвојува Записникот од извршениот попис на побарувањата, обврските и каса за 2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебрца“.

**Број 08-348/5**
**15.03.2023 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за отпочнување постапка за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Дебрца од сите ризици и опасности**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за отпочнување постапка за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Дебрца од сите ризици и опасности, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 15.03.2023 година.

**Број 09-378/4**
**17.03.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/2002), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 15.03.2023 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за отпочнување постапка за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Дебрца од сите ризици и опасности**

**Член 1**

Советот на општина Дебрца дава согласност за отпочнување постапка за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општината Дебрца од сите ризици и опасности.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца“.

**Број 08-348/6**
**15.03.2023 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Дебрца за 2023 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Дебрца за 2023 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 15.03.2023 година.

**Број 09-378/5**
**17.03.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести ( "Службен весник на РМ" број 66/04, 139/2008 и 99/09 , 149/2014, 150/2015 и 37/2016 ) и член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ( "Службен весник на РМ" број 05/02), Советот на општина Дебрца на седницата одржана на ден 15.03.2023 година донесе :

**П Р О Г Р А М А**
**за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Дебрца за 2023 година**

**I.Вовед**

Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести ( "Службен весник на РМ", број 66/04,139/2008, 99/09, 149/2014, 150/2015 и 37/2016 ) и член 22 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и според истите заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Република Северна Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки. По потреба се спроведуваат и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. Овие мерки вклучуваат:

**1**.Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување;

**2**.Отстранување на отпадните води и цврстите отпадни материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;

**3**.Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти: училишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места;

**4**.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;

**5**.Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

**1**.Откривање на заразни болести-поставување дијагноза;

**2**.лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;

**3**.Пријавување на заразни болести;

**4**.Епидемиолошки испитувања;

**5**.Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;

**6**.Карантин и здравствен надзор;
**7.**Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
**8**.Имунизација и хемиопрофилакса;
**9**.Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисијата за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

## II.Активности

Со Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и други заболувања на територијата на општина Дебрца.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Дебрца, во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје- Охрид. За заштита на населението од заразни болести во Општина Дебарца, во 2023 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

**1**.Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата за пиење и објектите за водоснабдување;
**2**.Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните установи;
**3**.Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;
**4**.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено-технички мерки во населени места и други јавни површини;
**5**.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

### 1.1 Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата за пиење и објектите за водоснабдување

Општина Дебрца и во 2023 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Согласно Одлуката за комунален ред на општина Дебрца, организираното водоснабдување на најголем дел од населението во општина Дебрца го врши Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ –Белчишта, а во некои населени места со водоснабдителните системи управува месното население преку месните заедници или други даватели на услуги ( МЈП “Проаква”-Охрид ).

Квалитетот на водата за пиење мора да ги задоволи нормите утврдени со закон и подзаконски акти, а кои се однесуваат на физичко-хемиските и бактериолошките услови за исправна вода за пиење ( "Службен весник на РМ", број 46/2008 ).

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење , вршат две здравствени установи во Република Северна Македонија и тоа: Институт за јавно здравје на РМ – Скопје и Центарот за Јавно здравје – Охрид.

Во Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје, треба да се носат два пати годишно мостри од водата. На мострите испратени во ИЈЗ на РСМ се вршат следните анализи:

- Проширена хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали;
- Анализа за присуство на пестициди и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Од Центарот за јавно здравје – Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2023 година ќе се извршат анализи на 70 примероци од системот за водоснабдување.

На земените примероци во Центарот за Јавно здравје – Охрид се врши :

- Основна бактериолошко – хемиски анализа ;
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

**Перманентни активности**

Покрај гореспоменатите контроли од двете јавни установи на Република Северна Македонија се прави и трета контрола од страна на вработените во Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца" –Белчишта ".Секојдневно треба да се врши контрола на присуство на резидуален хлор во водата ( наутро и навечер, со водење на записи ). Заради обезбедување на квалитетна вода за пиење покрај гореспоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

**Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно се врши контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци се врши задолжителен здравствено – хигиенски преглед на вработени во објектите за снабдување на населението со вода за пиење. и обавување на курс за хигиена на храна ( водата спаѓа во храна ) за здобивање на основни знаења од тоа

поле поврзано со нивната дејност, за што се добива потврда од Центарот за јавно здравје-Охрид, како овластена установа за обавување на овој курс.

Пред пуштање во употреба на јавен водовод или дел од мрежата, пред приклучување кон постојниот јавен водовод, како и поправка на дефекти на водоводната мрежа или други објекти на јавниот водовод се врши дезинфекција на објектот.

**2.1.Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните установи**

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население.

За проценка на здравствено – еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението за подрачјето на Општина Дебрца во текот на 2023 година ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди, при што ќе се земаат брисеви за бактериолошка чистота во објекти за исхрана во училишни установи, објектите за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи,

Планирање и водење на овие активности е во рамките на Агенција за храна и ветеринарство. Локалната самоуправа ќе постапува по потреби констатирани од страна на надлежните инспекции.

Во училишните установи ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди од страна на санитарниот и здравствен инспектор и Центарот за јавно здравје Охрид.

Врз основа на извештаите за констатираната состојба од теренските увиди на училиштата ќе се постапи по предлог мерки за подобрување на санитарно- хигиенските услови во училишните згради.

**3.1.Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води**

Според Одлуката за комунален ред на општина Дебрца, организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши Јавното претпријатие за комунална дејност „ Дебрца“ Белчишта.

Фекални канализациони системи има во 5 населени места ( село Белчишта, село Оровник и Село Горенци, Село Мешеишта, Село Волино), а во другите населени места отпадните води од домаќинствата се спроведуваат во септички јами. Септичките јами треба да ги исполнуваат основните санитарно хигиенски прописи и редовно да се чистат.

Да се врши редовно чистење и одржување на нелегалните, односно т.н. диви депонии.

**4.1.Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација ( ДДД ) во населени места и други јавни површини**

Превентивната дезинфекција, дезинсекција и дератизација ќе се врши во согласност со Елаборатот за спроведување на превентивна дезинсекција и дератизација за спречување и сузбивање на вектор –преносливи заболувања на територијата на општина

Дебрца, број 10-60/3, и 10-59/6 од 20.02.2023 година, изготвен од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Охрид.

Според Законот за заштита на населението од заразни болести треба да се врши превентивна дезинфекција во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи, зелени пазари, канализации, депонии и други јавни површини на секои шест месеци , а дезинсекција и дератизација најмалку еднаш годишно.

**Дезинсекција**- општина Дебрца согласно законските прописи, стручното мислење на Советот за јавно здравје за подрачјето на општина Дебрца и ЈЗУ Центар за јавно здравје - Охрид ќе спроведе превентивна систематска дезинсекција ( теристичка - од земја ) на територијата на општината, како општа противепидемиска мерка за заштита на населението од заразни болести кои се пренесуваат преку вектори. Со дезинсекцијата ќе бидат опфатени зелени површини во општината, подрачјата по течението на реки и водотеци, застојни води, одводни канали и друго.
Превентивната систематска дезинсекција на јавно прометни површини и зеленило да се врши двапати годишно и тоа ларвицидна дезинсекција ( од март до септември ) и адултицидна дезинсекција ( од мај до септември ).
Како посебни потенцијални жаришта и критични места се утврдени следните јавни површини : течението на Голема Река, во површина од 5,1 ха; подрачјето на Белчишкото блато, во површина од 92,4 ха; зелените и мочуришни подрачја во КО-Издеглавје, во површина од 98,4 ха; подрачјето на Слатинско Езеро, во површина од 29,4 ха; течение по река Сатеска, делница Ботун-Климештани, во површина од 3,3 ха; течение по старо корито на река Сатеска, КО-Волино, во површина од 10,3 ха.

**Дератизација-**Мерките и активностите за спроведување на дератизацијата-уништувањето на глодарите е потреба наметната од здравствени, хигиенско-санитарни и економски причини. Согледувајќи ја биологијата на штетните глодари, нивната голема репродуктивна способност, способноста за прилагодување во секакви услови, нанесувањето на големи материјални штети, пренесувањето и ширењето на заразни болести се наметнува потребата од долгорочно организирано и систематско уништување на глодарите на подрачјето на општината. Само со редовна превентивна систематска дератизација( поставување на мамци ) може да се уништи густината на популацијата на штетни глодари на ниво на биолошка толеранција и контрола.

Поволни места за развој и размножување на глодачите се станбени и деловни простории, а посебно магацини и други објекти во кои се чуваат земјоделските производи во селските средини, јавни површини, паркови, ѓубришта, шахти на инфраструктурни системи ( канализациони, енергетски, телефонски и др.), со кои стопанисуваат јавните претпријатија.

Препорачливо е превентивна систематска дератизација на јавните површини и зеленило да се изврши двапати годишно ( пролетна и есенска дератизација ), во периодите март-мај и октомври-ноември

### 5.1.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

Општината во соработка  со Центарот за јавно здравје ке го планираат и организираат спроведувањето на промоција на здравјето и превенцијата од заразни болести.

Со здравствено воспитување во 2023 година ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за населението преку организирање собири , трибини, типизирани предавања на учениците од основното образование, за заштита од заразни болести, како и изготвување на флаери  и плакати.

Ќе се одржат предавања  на  следниве тематски целини:

-Хепатити;

- Инфективни ентероколити;

-Имунизација;

-Заштита на животната средина ;

-Сексуално преносливи заболувања;

-ХИВ/СИДА;

-Микози;

-Здрава исхрана;

-Физичката активност значаен фактор за правилен развој на децата;

-Бруцелоза.

**III.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Дебрца за 2023 година и тоа:  за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во висина од 140.000,00 денари и за испитување на квалитетот на водата во висина од 50.000,00 денари.

Динамиката на извршувањето на активностите ќе зависи од приливот на средства.

**IV.Известување**

` Во услови на немање на општински јавни гласила, известувањето и информирањето на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, соработка на општината со локалните надлежни органи: полиција, противпожарна служба, здравствен центар, здружение на пчелари итн, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот и начинот на изведување на третманот.

**V.Мониторинг**

Покрај претставник од локалната самоуправа-од одделението за инспекциски работи, мониторинг над спроведувањето на превентивните активности на Општина Дебрца за заштита на населението од заразни болести ќе врши и претставник од Центарот за јавно здравје,  како и претставник од Агенцијата за храна и ветеринарство.

**VI.Завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Дебрца“.

**Број - 01-348/7**
**15.03.2023 год.**
**Белчишта**

**Претседател**
**на Советот на општина Дебрца**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување и усогласување на намената на бесправно изграден објект со намената на земјиштето**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување и усогласување на намената на бесправно изграден објект со намената на земјиштето (КП бр. 47 и 1183/1 КО Оровник), што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 15.03.2023 година.

**Број 09-378/6**
**17.03.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 став 5 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.Весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016, 190/2017 и 174/2021) како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.Весник на РМ“ бр.56/11, 162/12), и член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Дебрца („Сл.Гласник на општина Дебрца“ бр.3/2005), Советот на општина Дебрца на седницата одржана на ден 15.03.2023 година, ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување и усогласување на намената на бесправно изграден објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко – планска документација за село Оровник со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект, на КП број 47 и 1183/1 КО Оровник, по барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, број УП1-09-634 од 31.08.2011 година, поднесено од Јосифоски Страшо со адреса на живеење во с.Оровник, и усогласување на намената на земјиштето на кое е изграден бесправно изградениот објект, со намената на земјиштето што ќе се утврди со урбанистичко – планската документација.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебрца“.

**Број 08-348/8**
**15.03.2023 година.**
**с.Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А :

1. **Одлука за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на општината Дебрца за 2022 година ------------------------------------------------------------------------------------------------------- стр.2**
2. **Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Дебрца во 2023 година --------------------------------------------------------------------------------стр.81**
3. **Одлука за усвојување на Записникот од извршениот попис на побарувањата, обврски и каса за 2022 година------------------------------------------------------------------------------------------стр.85**
4. **Одлука за отпочнување постапка за ажурирање на процената на загрозеност на подрачјето на општина Дебрца од сите ризици и опасности ---------------------------------стр.87**
5. **Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населнието од заразни болести на територијата на општина Дебрца за 2023 година --------------------------------стр.89**
6. **Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување и усогласување на неманата на бесправно изграден објект со намената на земјиштето (КП бр. 47 и 1183/1 КО Оровник)--------------------------------стр.97**
7. **Содржина------------------------------------------------------------------------------------------------стр.98**

====================================